**Година 2003, мај, број 17**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## УЧЕСТВО НА САЕМ

Во тек е саемот за ЕНЕРГЕТИКА 2003 на кој МФС има свој штанд. Ова е прво учество на МФ на саем во Скопје. На овој саем ќе се преставуваат лаболаториите од институтите на нашиот факултет. Досега беа преставени институтите МКММВ, ХПА. Денес ќе се престават ЗЗК и Механика, во петок е ТТиТЕ, а во сабота ПМ.




## СРЕДБА

На 02.05.2003 во просториите на Министерството за образование се одржа средба помеѓу d-r Anthony Morgan професор на University of Utah и преставник на Светската банка и деканот на МФС. Разговарано е за процесите во високото образование и посебно за МФС, како и за можностите за подржшка од страна на банката.

## ПРВ ДИПЛОМЕЦ НА НАСОКАТА ЕНЕРГЕТСКО МАШИНСТВО И ИНЖЕНЕРИНГ

На ден 19.03.2003 дипломираше првиот дипломец на насоката Енергетско машинство и инженеринг.

Кандидатот Танев Пепи дипломската работа "Парногасна турбинска постројка за когенеративен процес во Скопје Север" ја одбрани успешно.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ НА ФИРМАТА " H E R Z "

Во организација на друштвото на термичари на РМ и фирмата "КОСКОМ" на ден 13.05.2003 во просториите на МФС се одржа презентација на дел од производната програма на фирмата.

## ОТВОРЕН ДЕН ЗА ИДНИТЕ СТУДЕНТИ

На деновите 9 и 10 мај повторно беше организиран отворен ден.

## VII ЕКСПЕРТСКИ ФОРУМ И ПРЕДАВАЊА

На 29 и 30.05.2003 год. во салата на Ректоратот на универзитетот “Св. Кирил и методиј” во организација на Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент во соработка со Министерството за економија на Р. Македонија, CEI (Central European Initiative), и Konrad Adenauer Shtiftung од Германија,се одржа **VII ЕКСПЕРТСКИ ФОРУМ**

“ПРЕДИЗВИЦИ И РЕШЕНИЈА ЗА ПОСТПРИВАТИ-ЗАЦИСКАТА ФАЗА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ОД ЗЕМЈИТЕ НА ЦЕИ - ОРГАНИЗАЦИСКИ,ТЕХНИЧКИ, ТЕХНОЛОШКИ И ДЕЛОВНИ ПРЕСТРУКТУРИ-РАЊА МЕТОДИ, СВЕТСКИ И ДОМАШНИ ПРИМЕРИ И ИСКУСТВА”

Во рамките на учеството во на Експертскиот Форум, заменик директоротот на нашиот партнерски институт IPA (Institut Fuer Produktion und Automatisierung) од Штудгарт, Германија, го претстави својот институт пред околу 40 наши колеги. Во продолжение на таа средба беше потпишан договор за долгорочна соработка меѓу нашите две институции.

Во просториите на Факултетот, Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент организира предавање од соработник од странство:

N. Kadota (JICA/Global Business Cons Japonija): ”Меѓукултурна комуникација во бизнисот - адаптација на различни вредности: приказна за пример во Тајланд” .

## ПРВ НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОН КОНВЕНЦИЈАТА НА ОН ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Република Македонија го изработи и го предаде до соодветните тела својот Прв национален извештај кон Конвенцијата на ОН за климатски промени. Во изработката учествуваа тимови од МАНУ и Управата за хидрометеоролошки работи (УХР) со надворешни соработници. Неколку поглавја од Извештајот ги напиша проф. д-р Ристо Цицонков, кому му беше доверено и целосното оформување.

Главни елементи во Извештајот се: Инвентар на гасовите кои го предизвикуваат ефектот на стаклена градина и анализа за нивно намалување (МАНУ), Процена и ранливост од климатските промени (УХР) и Национален акционен план (Р. Цицонков). Печатен примерок од Извештајот може да се најде во библиотеката на МФ. Истиот може целосно да се преземе во електронска форма на веб-страницата www.unfccc.org.mk.

Подетални информации кај проф. д-р Ристо Цицонков и м-р Маја Ажиевска, проект - координатор при Министерството за животна средина и просторно планирање.

## ДОКТОРИРАНИ И МАГИСТРИРАНИ

1. На 8.05.2003 година, м-р Кире Поповски, успешно ја одбрани својата докторската дисертација под наслов: "Топлиноизменувач со проширена површина за работни медиуми бода и воздух".

2. На 9.05.2003 година, дипл.маш.инж. Реџеп Беџети успешно ја одбрани својата магистерска работа под наслов: "Методи, модели, и техники на операциските истражувања при инвестициското одлучување".

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## СПОРТ

Спортските екипи на студентите од МФС се покажаа оваа година. Фудбалерите освоија 1 место а кошаркарите 7 место.

**Честитки**

Вработените на МФС можат да се натпреваруваат во шах и тенис во организација на Универзитетот СВ Кирил и Методи.

## О Т С У С Т В А

1. Нас.доц. д-р Атанас Кочов, студиски престој на Техничкиот Факултет во Вилдау, Германија. Престојот се реализира како стипендија на ДААД од 5.05 до 5.06.2003 година
2. Проф. д-р Тодор Аџиев и асс. м-р Ѓорѓи Аџиев, службено патување во Германија, со цел реализирање на активностите на Темпус проектот ИБ-ЈЕП-16047-2001. Патувањето е реализирано од 3 до 5.05.2003 год.
3. Проф. д-р Драги Данев и проф. д-р Милан Ќосевски оствирија посета на ТУФ во Минхен, Германија. Престојот е реализиран од 26.04 до 3.05.2003 година
4. Проф. д-р Миле Димитровски, оствари службено патување во Истанбул, Турција, заради презентација на неговиот реферат на Б.Е.Н.А. Патувањето се реализира од 14 до 18.мај 2003 година
5. Вон. проф. д-р Татјана Кандикјан, Доц. д-р Валентина Гечевска, асс. м-р Игор Ѓурков и асс. м-р Виктор Стојмановски, во органи-зација на фирмата ЦАД-Цам Дата остварија службено патување во Белград, заради посета на семинарот за програмски пакет CATIA, Патувањето се реализира на 14. мај 2003 година
6. Вон. проф. д-р Зоран Пандилов и доц. д-р Роберт Миновски, во организација на Владата на крлаството Јапонија, реализираат студиски престој во Сапоро, Јапонија, заради учество на семинарот "Производствен менаџмент за Македонија" во период од 25.05 до 25.06.2003 година.
7. Проф. д-р Делчо Јованоски, проф. д-р Тодор Кралев и доц. д-р Радмил Поленаковиќ, реализираа службено патување во Софија, Бугарија, заради учество на меѓународен симпозиум од областа на менаџментот. Престојот се реализира од 2 до 4.06.2003 година.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**03.07.2003**
**31 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

## Техничко уредување:

*Тони Манџуковски*

*Борис Рошков*